## ИЗЈАВА

Договарачот на осигурувањето и осигуреникот изјавуваат дека сите податоци на оваа понуда се вистинити, дека не е намерно направена неточна пријава или премолчена некоја околност заради која би се сноселе последици во согласност са Законост за облигациони односи.

Договарачот на осигурување и осигуреникот изрично изјавуваат дека му дозволуваат на ГРАВЕ да ги обработи нивните лични податоци кои се прибавени врз основа на оваа понуда а со цел процена дали и под кои услови ќе се се прифати оваа понуда, како и постапката на остварување на правата и исполнување на обврските од склучениот договор за осигурување.

Договарачот на осигурување и осигуреникот изрично изјавуваат дека на ГРАВЕ и на ГРАВЕ концерност им дозволуваат употреба на лични податоци кои се собрани врз основа на оваа понуда како и податоци за електронски адреси со цел директна промоција на нивните производи. Изјавуваат дека дозволуваат и проследување на наведените податоци на претпријатија за директна промоција. Понатаму, договарачот на осигурување и осигуреникот изрично изјавуваат дека за истите цели дозволуваат употреба на повикувачки системи со и без човечко посредство, по телефакс или со електронска пошта. Сите согласности кои се однесуваат на директна промоција можат во секој момент да се отповикаат.

Договарачот на осигурувањето и осигуреникот при слободна волја изјавуваат и со својот потпис потврдуваат дека ослободуваат од обврската за чување на професионална тајна на лекари и на сите други физички и правни лица ако е тоа на барање и според процена на ГРАВЕ АД Скопје (во понатамошниот текст: Осигурител) му е потребно заради прибирање на информации значајни за процена дали Осигурителот ќе ја прифати понудата за осигурување, односно заради утврдување на взаемните права и обврски дефинирани со договорот за осигурување. Договарачот на осигурување и осигуреникот со своја слободна волја ги овластуваат лекарите, државни или приватни здравствени установи дека на писмено барање, на Осигурителот ќе му отстапат на увид или ќе му достават копии од документи од осигуреникот кои се однесуваат на неговата здравствена состојба, а кои имаат причинско-последична врска со осигурениот случај. Информациите за вредност на договорот кои се наведени, а кои во себе содржат и некои правни одредби како и прилози кои се составен дел од договорот за осигурување,договарачот на осигурување и осигуреникот ги потврдуваат со свој потпис дека ги разбрале и дека ги прифаќаат.

## ОБЈАСНУВАЊА

1. Договарачот на осигурување односно осигуреникот се одговорни за вистинитост на податоците кои се наведени во понудата.
2. Договарачот потврдува дека му е врачена една копија од понудата. Понудата е составен дел од договорот за осигурување на живот. Се додека полисата не биде доставена по пошта или на некој друг начин , а и подоцна ,ако одредбите во полисата не се разликуваат од одредбите во понудата, потписот на договарачот на осигурување на понудата важи како потпис на полисата. Се смета да со прием на полисата е склучен договорот за осигурување.
3. Договарачот на осигурување е известен за тоа дека застапникот на осигурителното друштво ГРАВЕ осигурување АД Скопје при изработка на понудата не е овластен за склучување на договорот за осигурување и дека не може да презема обврски кои не се во врска со оваа понуда.
4. Сите договори, пријави, понуди и известувањаа во врска со договорот за осигурување мора да бидат во писмена форма. Сите дописи на осигурителното друштво ГРАВЕ осигурување се важечки само ако се напишани на документи од ГРАВЕ осигурување АД.
5. Договарачот на осигурување потврдува дека ги примил општите и посебни услови на осигурителното друштво ГРАВЕ осигурување АД за сите видови осигурување кои се обработени во понудата.
6. Договарачот на осигурување се обврзува дека ќе уплати премија на сметката на осигурителното друштво ГРАВЕ осигурување АД.

---

## ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

Осигурување на живот за случај на доживување со поврат на уплатените тарифни премии за случај на смрт за едно лице со пресметување на добивка која му припаѓа и со плаќање на премија за цело времетраење на осигурувањето или со скратено траење на плаќање на премија (Тарифа ЕРД1) и Осигурување на живот за случај на доживување со поврат на уплатените тарифни премии за случај на смрт за едно лице со добивка која му припаѓа и еднократна уплата на премија (Тарифа ЕРД11).

ОТКУП, ДОБИВКА, НАДОМЕСТ ЗА СЛУЧАЈ НА СМРТ И КАПИТАЛИЗАЦИЈА

Пример за осигуреник (маж) 30 години со траење на осигурување 20 години, осигурен износ од 10.794 ЕУР и премија од 500 ЕУР.

Во случај на откуп и во случај на смрт на осигуреникот се додава до тогаш остварената добивка.

| По години | Откупна вредност | Очекувана добивка | Надомест во случај на смрт | Капитализирана вредност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 0,00 | 0,00 | 482,00 | 0,00 |
| 2 | 0,00 | 1,07 | 965,00 | 0,00 |
| 3 | 925,00 | 9,16 | 1.447,00 | 1.436,00 |
| 4 | 1.402,00 | 24,68 | 1.930,00 | 2.084,00 |
| 5 | 1.867,00 | 48,07 | 2.412,00 | 2.720,00 |
| 6 | 2.343,00 | 79,79 | 2.895,00 | 3.342,00 |
| 7 | 2.829,00 | 120,32 | 3.377,00 | 3.951,00 |
| 8 | 3.327,00 | 170,16 | 3.860,00 | 4.546,00 |
| 9 | 3.835,00 | 229,84 | 4.342,00 | 5.129,00 |
| 10 | 4.355,00 | 299,91 | 4.825,00 | 5.701,00 |
| 11 | 4.888,00 | 380,94 | 5.307,00 | 6.261,00 |
| 12 | 5.432,00 | 473,53 | 5.790,00 | 6.808,00 |
| 13 | 5.987,00 | 578,30 | 6.272,00 | 7.344,00 |
| 14 | 6.556,00 | 695,91 | 6.755,00 | 7.869,00 |
| 15 | 7.138,00 | 827,05 | 7.237,00 | 8.383,00 |
| 16 | 7.720,00 | 972,43 | 7.720,00 | 8.886,00 |
| 17 | 8.202,00 | 1.132,79 | 8.202,00 | 9.378,00 |
| 18 | 8.685,00 | 1.308,92 | 8.685,00 | 9.860,00 |
| 19 | 9.167,00 | 1.501,63 | 9.167,00 | 10.332,00 |
| 20 | 9.650,00 | 1.870,13 | 9.650,00 | 10.794,00 |

**1. Природна смрт на осигуреникот (смрт поради болест)**

На корисникот на осигурувње му се исплаќа:

- Збир на уплатените премии за главното осигурување (без доплатите)
- До тогаш остварена добивка

Вкупно: збир на уплатените премии за главното осигурување+до тогаш остварена добивка.

**2. Смрт на осигуреникот како последица на несреќен случај:**

На корисникот му се исплатува:

- Осигурен износ од дополнително осигурување од последици на несреќен случај (највеќе 5.000 ЕУР)
- Збир на уплатените премии за главното осигурување (без доплатите)
- До тогаш остварената добивка

Вкупно: збирот од уплатените премии за главното осигурување + осигурен износ за случај на смрт како последица на несреќен случај + до тогаш остварената добивка.

**3. Доживување**

На корисникот на осигурувањето му се исплаќа:

- Целокупниот договорен осигурен износ
- Целокупната остварена добивка

Вкупно: осигурен износ + целокупна остварена добивка.

**Напомена:** Сите обврски од договорот за осигурување треба да бидат намирени за да би биле исплатени надоместоците на корисникот на осигурување.

На корисникот сите надоместоци можат да му се исплатат во вид на рента.

---

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ОБЈАСНУВАЊА НА ОСНОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДОБИВКА ОД ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

Добивката од осигурување на живот која ГРАВЕ осигурување а.д. Скопје (во понатамошниот текст Друштво) ја припишува на поедини полиси настанува на основа на вложувања на средствата од математичката резерва, се пресметува и води за секоја полиса посебно, не зависи од резултатите на работењето на Друштвото во целина и се припишува најрано од втората година на траењето на осигурувањето. Добивката не е загарантирана и во сите прикази на кои се пресметува очекуваната добивка се прикажуваат вредностите кои можат да се пресметаат врз основа на ситуацијата во која се пресметува очекуваната добивка.Добивката се припишува кај осигурувањата на живот кои се склучени врз основа на тарифата за осигурување на живот во случај на смрт и доживување со учество во добивка. Основи за пресметување на добивката се:

- Техничкиот деловен план на тарифа на премијата од оваа тарифа на осигурување на живот посебно во поглавјето “Учество во добивка”

- Одредбите на општите услови за осигурување на живот во членот каој се однесува на уделот во добивка и

- Одлуките на Управата на Друштвото за висината на добивката на осигурување на живот вослучај на смрт и доживување со право на учество во добивка во која е одредена најмалата вкупна камата која Друштвото мора да ја постигне кај вложувањата на средства од математичката резерва.

На крајот на годината во која за прв пат се припишува добивката по полиса па до крајот на траењето на осигурувањето по таа полиса, Друштвото на крајот на секоја година испраќа известување на договарачот на осигорувањето за висината на вкупната остварена добивка.

## ДОПОЛНИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ОД НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ КОЈ ИМА ЗА ПОСЛЕДИЦА ТРАЈНА ИНВАЛИДНОСТ - УИ

Ако дојде до трајна инвалидност како последица од несреќен случај, надоместот изнесува онолку проценти од осигурениот износ за случај на инвалидност колку што е инвалидноста во проценти, во согласност со соодветните услови .

Се применуваат од 01.01.2018 год.